## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „НЕОНАТОЛОГИЈА СО НЕГА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ“ ОД АВТОРКИТЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЗИСОВСКА И АС. Д-Р МАРИЈА ДИМИТРОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр 2502-291/7 од 130. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 18.11.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- редовен професор д-р Милка Здравковска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
- вонреден професор д-р Глигор Димитров, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготувување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„НЕОНАТОЛОГИЈА СО НЕГА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ“ од авторите насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска и ас. д-р Марија Димитровска,** наменет за студентите од прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** ракописот со наслов „**НЕОНАТОЛОГИЈА СО НЕГА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ“** од авторите насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска и асистент д-р Марија Димитровска наменет за прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ за задолжителниот предмет **Неонатологија со нега** за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, **тригодишни студии за акушерки,** кој според наставната програма е предвиден да се слуша во шестиот семестар. Неделниот фонд на часови изнесува 2+3+1 и носи 6 кредити. Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на споменатата Програма.

**Податоци за обемот ракописот:** ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 204 страни, од кои 195 е содржина на учебникот, страни А4 формат, со фонт 12, работен е во Arial, со македонска поддршка. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со 59 слики и 7 Табели кои многу добро го илустрираат материјалот врзан со проблемите и болестите кај новороденото дете.

Текстот е прилагоден на нивото и потребите на студентите од оваа студиска програма, со оглед на нивната област на работа. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** материјалот обработен во ракописот е презентиран на концизен и едноставен начин, со систематичност во презентирањето на содржините. На почетокот е дадена содржината каде што прецизно се напишани сите поглавја и точки кои се детално објаснети во учебникот. Ракописот е систематизиран и

логички поделен на дваесет и едно поглавје, кои обработуваат поединечни проблеми кај децата, специфични за потребите на неонатологијата, во адекватен обем за студентите во чиј интерес е изработен ракописот. Овие обработени логични целини редоследно ја обработуваат наставната содржина по предметот Педијатрија со нега на новородено дете. Трудот е подготвен според стандардна метологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на педијатријата и неонатологијата. Досега во Република Македонија не е издаден учебник со иста или слична содржина.

***Краток опис на содржината:***

Деталната ***Содржина*** на ракописот е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во состав на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страните обележани во делот Содржина соодветствуваат на обележувањата во ракописот.

На почетокот, во **Воведот**, (5-7 стр.) се појаснуваат некои поими кои најчесто и се користат во литературата и праксата, како дефинициите за новородено дете, живородено дете, притоа цитирајќи ги дефинициите на СЗО.

Во **првото** поглавје - **Пренатален период на новороденото дете** (7-13 стр.) детално и јасно се опишува процесот на морфогенезата, развојот на плодот во матката, оптимизирање на условите во интраутериниот живот како услов за добар постнатален живот. Презентирани се и проблемите од страна на постелката, плодот и мајката кои можат да доведат до проблеми во развојот на плодот.

Во **поглавјето 2 - Перинатален период за новородено дете** (13-25 стр.) се опишуваат сите адаптациони промени кои се случуваат во првите моменти по раѓањето, преземањето на виталните функции (дишење, циркулација, терморегулација), со посебен акцент ставен на проценувањето по Апгар скор, кое мора да го знае секоја акушерка, како дел од нејзината работа во породилиште.

**Поглавјето 3** (25-63 стр.) носи наслов **Анатомија и изглед на здраво доносено новородено дете.** Во ова опширно поглавје се презентирани сите детали од првиот преглед на здраво доносено новороденче. Посебен осврт е даден на деталите во изгледот и ситните отстапувања кои укажуваат на проблеми во раната неонатална возраст. Од големо значење е деталниот опис на антропометриските мерки кои мора да ги направи една акушерка непосредно по раѓањето на детето. Презентирани се и примитивните рефлекси, кои укажуваат на психомоторниот статус кај децата, со детален опис на нивното изведување. Во согласност со претходното поглавје, за услови за уреден развој, овде се опишани децата со застој во интраутериниот раст и развој, како посебна ризична група.

**Поглавјето 4** (63-65 стр.) носи наслов **Физиолошки појави кај новороденото дете,** иако кратко дава илустративен опис на некои нормални појави кои се типични за неонаталната возраст и е од важност да ги знаат акушерките и сите здравствени работници кои првпат се среќаваат со новородено дете.

**Поглавјето 5** (65-86 стр.) е со наслов **Примарна реанимација**. Примарната реанимација е сет на мерки кои мора да се применат кај едно новородено дете кое не заплакало одма по раѓањето. Акушерките кои работат во родилната сала мора да имаат детални информации за редоследот на спроведувањето на овие мерки и нивно практично совладување. Во овој ракопис, тоа е детално опишано на еден лесен, едноставен начин.

Во **поглавјето 6** (86-96 стр.), со наслов **Родилни повреди, детекција и згрижување,** се опишани најчестите повреди што често оставаат последици кои бараат хабилитација и рехабилитација. Децата кои имале родилни повреди, меѓу кои фрактурата на клучната коска, повреди на нервите (брахијалниот плексус, лицевиот нерв) и на мускулите се најчестите педијатриски пациенти со потреба од физикална терапија. Родилните повреди се карактеристични за раниот неонатален период и нивната рана идентификација е од големо значење за понатамошната прогноза. Овие болести се и најчестите ентитети кои оставаат последици и бараат физикална терапија по лекувањето, со цел да се минимизираат последиците и ограничувањата во функциите.

**Поглавјето 7** (96-129 стр.) - **Исхрана на новороденото дете** ги содржи сите потребни информации кои акушерката треба да ги даде на родилката за воспоставување на успешна

лактација и најсоодветна исхрана. Опишани се повеќе положби, кои ќе им помогнат на акушерките да ги подготват мајките за практично спроведување на доењето. Не се запоставени ни случаите кога има медицинска индикација за исхрана со друг вид млеко.

Во **поглавјето 8** (129-132 стр.) со наслов **Најчести потреби кај новородените деца** се презентирани потребите на новородените деца во однос на нега и рутински постапки, што е од голема важност да се знае и тие вештини за создавање на посебни хигиенски навики да се пренесат на мајката.

Во **поглавјето 9** (132-133 стр.) - **Најчести проблеми кај новородените деца** се опишани лесните проблеми во раната неонатална возраст кои често ги вознемируваат родителите, а акушерките се тие кои најчесто се во директна комуникација со нив и затоа треба добро да бидат едуцирани за објаснување на истите.

**Поглавјето 10** (133-138 стр.) - **Новородени деца со ризик** ги обработува сите досега познати ризици во неонатологијата кои е важно да се откријат во раната неонатална возраст и да се реферираат на следното ниво, каде децата се преземаат за понатамошно следење. Презентирана е и Националната листа на неонатални ризик-фактори, која им е потребна на сите кои работат со новородени деца. Од важност е и приказот на повеќе алармантни знаци кои предупредуваат на болест кај децата.

Во **поглавјето 11** (138-144 стр.) - **Предвремено родено дете** се обработени основните карактеристики на недоносеното дете, кое сè уште претставува ризична популација заради последиците од незрелоста на неговиот организам. Деталниот третман на ваквите деца припаѓа на делот од неонатологијата наречен интензивна неонатална нега.

Во **поглавјето 12** (144-149 стр.) - **Инфекции кај новородените деца** се опишани најчестите инфекции во неонаталната возраст, начинот на нивно добивање и пренесување. Ова поглавје е од огромна важност во неонаталниот период, заради учеството на неонаталните инфекции во неонаталниот морбидитет и морталитет.

**Поглавјето 13** (149-153 стр.) - **Жолтица кај новороденото дете** е поглавје кое детално ги обработува проблемите на неонаталната жолтица, која се јавува со голема честота кај новородените деца, а акушерките се тие кои меѓу првите треба да ги препознаат раните знаци на жолтица. Дадени се и терапевтските мерки што треба да ги знае секоја акушерка.

**Поглавјето 14** (153-154 стр.) - **Баланс на течностите кај новороденото дете** е составен дел на програмата за акушерки и е од голема важност за неонаталниот период. Обработено е во форма и обем сосема доволни за овој профил на здравствени работници.

Во **поглавјето 15** (154-156 стр.) - **Наследни болести** накратко се објаснети основните поими на генетиката и наследноста, што е од значење за основните познавања на акушерките.

**Поглавјето 16** (156-162 стр.) - **Избор на лекови во раното детство**, иако опишани во кратки црти, ги опфаќа сите содржини кои се потребни да ги знае една акушерка заради тоа што таа е клучниот фактор во разбирањето и администрацијата на лековите кај новороденото дете.

**Поглавјето 17** (162-170 стр.) - **Конвулзии кај новородено дете** обработува еден важен ентитет во неонаталната возраст, а акушерките се здравствени работници кои први ги препознаваат суптилните знаци на болеста. Во предложениот ракопис се презентирани на едноставен начин, разбирлив за профилот за кој е наменет.

**Поглавјето 18** (170-171 стр.) - **Неонатална орална патологија** е честа и едноставна патологија во неонаталната возраст и токму проади тоа ѝ е дадено сосема доволно простор за основните разбирања и третман.

**Поглавјето 19** (171-175 стр.) - **Неонатален апстиненцијален синдром** е ентитет кој се среќава само кај новородените деца и со оглед на тоа, важно поглавје од курикулумот на акушерките. Даден е простор со соодветен обем за овој профил на здравствени работници.

**Поглавјето 20** (175-189 стр.) - **Конгенитални аномалии** ги обработува како мајор така и минор аномалиите, а неонаталниот период е клучниот кога треба тие да се препознаат. Илустрирано со повеќе фотографии, дава јасна слика за оваа патологија.

**Поглавјето 21** (189-201 стр.) - **Справување со болката кај новородено дете** е поглавје кое сè повеќе добива на важност во неонаталната возраст и од огромна важност за акушерките е да ги спознаат изворите на болка и начинот на кој професионалците треба

да се справуваат со неонаталната болка. За одбележување е и тоа што во ракописот е презентирано најновото клиничко упатство за справување со болката кај новородено дете.

На крајот е приложена ***Користената литература*** (201-204 стр.) каде што се посочени соодветните учебници, книги, други извори, во согласност со литературата наведена за предметот, која ги вклучува и најновите книги кои се превод на современата литература од областа на неонатологијата.

## З А К Л У Ч О К

Доставениот ракопис има наставен пристап кон проблематиката која ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за квалитетен труд во кој успешно се прикажани бројни состојби и постапки кои се

од интерес за едукација на идните акушерки и акушери, кои ќе треба да работат со новородените деца и од нивната теоретска и практична едукација ќе зависи спроведувањето на сите методи базирани на докази. Трудот е комплетно стручно оформен и дава придонес во научната и стручната литература. Досега не е објавен учебник со иста или слична содржина на Факултетот за медицински науки во Штип, ниту на другите Медицински факултети во Република Македонија. За студентите на првиот циклус на тригодишните студии за студиската програма Акушерки ќе претставува сеопфатен учебник кој соодветно дава информации за специфичните проблеми кај новородените деца кои претставуваат посебна категорија на пациенти, од аспект на возраст, специфики и област на работа. Со тоа, задоволена е потребата од еден учебник, кој дозирано ќе презентира одбрани поглавја од неонатологијата, без непотребно оптоварување со детали од оваа многу обемна клиничка област.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за **учебник** по задолжителниот предмет неонатологија со нега, за студентите на првиот циклус на **тригодишни студии за акушерки,** изработен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање учебни помагала пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Врз таа основа, Рецензентската комисија го препорачува за издавање како учебник ракописот „НЕОНАТОЛОГИЈА СО НЕГА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ“, од авторите насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска и асистент д-р Марија Димитровска, по предметот Неонатологија со нега, наменет за студентите на прв циклус тригодишни студии за акушерки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Милка Здравковска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Глигор Димитров, вонреден професор, с.р.**